**УДК 316.42.063(4-11)**

**Даворин Трпески (Македонија)**

# ВОВЕД: КОН АНТРОПОЛОГИЈАТА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ

*Апстракт*: Општествените промени во Источна Европа како предмет на истражување особено станаа актуелни по падот на социјалистичкиот систем и за време на трансформацијата на поранешните социјалистички општества во демократии од западноевропски тип. Притоа, за овие општества се вели дека се општества во период на премин, општества во транзиција, постсоцијалистички општества и сл. И покрај тенденцијата да ги копираат западноевропските демократии, сепак, источноевропските земји и понатаму за останатите претставуваат нешто што се разликува.

*Клучни зборови*: општествени промени, транзиција, постсоцијализам, посткомунизам, Источна Европа.

Општествените промени преставуваат процеси кои се привлечни за истражувачите, независно дали станува збор за истражувачи кои пристапуваат на проблемот од аспект на етнологијата и антропологијата, историјата, социологијата, политикологијата и др. Многу често, овие промени се именувани како општествена *транзиција*, но од страна на францускиот антрополог Морис Годелие (Годелие, 1989: 203) е употребен изразот *период на премин*, кој означува посебна фаза во еволуцијата на едно општество, фаза во која тоа општество наидува на внатрешни или на надворешни потешкотии при процесот на репродукција во делот на економските и на општествените односи на кои се заснова. Меѓутоа, во рамките на општеството, истовремено, се појавуваат нови општествени и економски односи кои, побрзо или поспоро, повеќе или помалку, стануваат општи и постануваат нови услови за непречено функционирање на тоа општество. Тоа значи дека фазите на премин создаваат епохи, кои се од особено значење во вистинскиот живот на општеството, односно дека преставуваат момент кога начините на производство, начините на мислење, индивидуалната или колективната работа се соочуваат или со внатрешните или со надворешните граници и почнуваат да се кинат, да го губат значењето, да се расчленуваат, и долго да вегетираат на помалку значајните места, спремни да се изгасат сами од себе или со систематската волја на општествените групи кои се противат на нивната репродукција во име на другите начини на производство, на мислење и на работа. Владимир Рибиќ (Ribić, 2007: 6-7) којзата теза за транзицијата ја заснова на тезата на американскиот социолог и политиколог Чарлс Тили (Charles Tilly), која, пак, се однесува на микроисториското и на макроисториското ниво на манифестација на културните идиоми, истакнува дека, сепак, макроисториските процеси имаат многу големо влијание врз структурните услови, пред сè, врз глобалните, но исто така, силно влијаат и на национално и на локално ниво. Во тие структурни услови, поедини културни идиоми (политички, економски и други) или ја доживуваат својата целосна афирмација или воопшто не се прилагодуваат на новонас-

танатите услови. Поради тоа, при истражувањата на општествените транзиции, според Рибиќ, треба да се земат предвид и макроисториските процеси (Ribić, 2007: 6-7).

Карактеристика за последниве стотина години е тоа што дошло до значителни општествени промени кои го промениле текот на историјата во светски рамки. Така, во почетокот на XX век бил интензивиран процесот на распаѓање на светското стопанство, што кулминирало со избувнувањето на Првата светска војна. После војната е формирана Лигата на народите, чија задача била да го обнови системот и рамнотежата на моќта, но набрзо, во раните триесетти години на XX век дошло до нови промени: биле напуштени петгодишните планови во Русија, воведен е т.н. „Њу Дил" во САД, се случила национал - социјалистичката револуција во Германија, била срушена Лигата на народите и биле создадени услови за почеток на Втората светска војна. Имено, радикалните политички промени настапиле во рамките на државите, така што двопартиските системи биле заменети со еднопартиски влади или понекогаш со влади на националното единство. На тој начин, во СССР е воведен *социјализам со диктаторски облик*, додека либералниот капитализам бил напуштен во земјите кои се спремале за претстојната војна, како што биле Германија, Јапонија, Италија и во помала мера САД и Велика Британија (Ribić, 2007: 11-12). Периодот по Втората светска војна, пак се карактеризира со знатно проширување и зајакнување на социјалистичкиот блок во делот на Источна Европа, но и во другите делови од светот, по што настапува почетокот на студената војна (Gelner, 1993: x-xv; Hann, 1993: 2-5).

Сепак, она што е од посебен интерес на овој труд е периодот кој го обележува крајот на XX век, односно периодот кој е окарактеризиран како крај на социјалистичкото уредување во Европа, според едни, или како период во кој конечно настапува обединувањето на децениски разделената Европа, според други. Особена карактеристика, за земјите во кои се случи падот на социјализмот,[1] е и тоа што поголем дел од луѓето, поттикнати од миленаристичките митови креирани од страна на националистичките политички центри на моќ, очекуваа дека со падот ќе настапат убавите години. Имено, сè она за кое што „сонувале", очекуваа да им се реализира откако ќе се сруши железната завеса меѓу Истокот и Западот. На крај, се покажа дека падот на социјализмот не се состоеше само од обична промена на општествениот систем и на уредувањето, туку најчесто, тој беше пропратен со елементи на национализам, на шовинизам и на религиски фундаментализам. Впрочем, за падот на социјализмот, во делот на неговата интерпретација, односно идентификацијата на случувањата кои го означуваат почетокот на транзицијата на општествата, се вели дека претставува истовремено општествен, политички и културен процес, за кој, пак, Кетрин Вердери (Verdery, 1996: 20) заклучува дека почнал да пропаѓа како резултат на системот „централизирано планирање" кое веќе не можело да се контролира. Така, со настапувањето на промените, на општественото уредување на земјите, од социјалистички во општества кои треба да клонат кон либерално-капиталистички демократии, настапуваат и промени кои се од политички карактер, односно се променува еднопартизмот во повеќепартизам, потоа се случуваат и културни промени, кога сè она што дотогаш важело како позитивна културна категорија престанува да важи, или најчесто станува негативна и под влијание на цен-

1 Истражувачите (пред сè, етнолози и антрополози, социолози, политиколози, економисти) како година на падот на социјализмот и почеток на транзиција на социјалистичките општества ја сметаат 1989 година, година кога е срушен берлинскиот ѕид.

трите на моќ се започнува со формирање на нови културни категории кои треба да бидат одлика на модерното време и на новото општествено уредување. Токму овие промени не се одвиваа така едноставно и лесно, а истите беа причина во дел од земјите на Источна Европа да избувнуваат граѓански војни, меѓуетнички и меѓуконфесионални вооружени судири, речиси сите поттикнати од идејата за владеење, за независност, за етнички и за религиски чисти држави. Впрочем, новите и транзициски моќници имаа потреба од власт преку која ќе можат да го креираат општествениот живот кој ќе одговара токму на нивните потреби. На тој начин, најчесто културата, вклучувајќи го тука и јазикот, претставува еден од клучните критериуми при формирањето на новите, но и на распаѓањето на веќе постоечките држави. Исто така, за време на војните во Југославија, политиката за етничко чистење се базираше и на манипулациите што се креираа во делот на културата со цел да се направи што поголемо искривување на историјата, за да се создадат нови разлики кои ќе внесат нови непријателства меѓу спротивставените национални идеологии (Markowitz, 2004: 331).

И покрај тоа што социјализмот како општествено уредување веќе не постои, сепак, некои автори не се согласуваат со тоа дека престанала да постои блоковската поделениот во светот. Според некои од нив, студената војна сè уште се чувствува, но во последните години таа е со значително намален интензитет (Hann, Humphrey, Verdery, 2002: 20). Токму ваквите спротивставени мислења придонесоа кон следењето на динамиката на општествените промени во земјите од Источна Европа од страна на истражувачите, кои ги оквалификуваа овие нови општества како постсоцијалистички или како посткомунистички. Така, по 1989 година *постсоцијализмот / посткомунизмот* започна да станува и научен проблем, па дури и да има доминантна улога при антрополошките истражувања во Источна Европа (Podoba, 2007: 192).

Еден од истражувачите на општествените и на политичките промени во Источна Европа е Хермине де Сото (Rihman – Auguštin, 2000: 40-41). Таа ги следела бурните полемики околу промената на имињата на улиците во Берлин, на почетокот на деведесеттите години од XX век и се ставила на страната на луѓето кои поради определени промени на имињата на улиците значително биле налутени. Де Сото, во нејзините расправи, ги сфаќа имињата на улиците како комуникациски знакови во секојдневието и како веќе прифатени симболи. Така, тие со текот на времето стануваат и навика, а во еден дел стануваат и биографии на луѓето. Имено, луѓето се свикнуваат на тие имиња, со нив воспоставуваат близок однос и тие, на свој начин, претставуваат одредници за нивниот идентитет. Меѓутоа, по падот на берлинскиот ѕид, источната идеологија, а со неа и источната архитектура, како и начинот на живеење беа ставени под знак прашање. Полемиките за укинување на некои имиња на улиците кои ја означувале комунистичката, но и левата антифашистичка традиција, оваа авторка ги чита како отпор за наметнување на новата хегемонија во знакот на новата идеолошка пракса која веќе доаѓала.

Одлика за повеќето земји од Источна Европа е тоа што промените се одвиваа со огромна брзина со цел да се фати приклучок со западноевропските општества.[2] За ова германскиот политиколог и социолог Ралф Дарендорф (Ralf Dahredorf) има истакнато

2 Одличен пример за промените во Демократска Република Германија е филмот *Збогум Ленин* од 2003 година, режиран од страна на Волфганг Бекер, во кој се прикажани промените во општествениот систем по падот на берлинскиот ѕид, обединувањето на поделениот град и на двете Германии.

дека: „Земјите од Источна Европа ја променија власта за шест дена, законите за шест месеци, институциите за шест години, но за промена на начинот на размислување и однесување на нивните граѓани ќе им требаат шеесет години.“ Впрочем, промената на општествата кои пред 1989 година беа определени како социјалистички трае и до ден денеска и покрај тоа што поголем дел од овие држави се приклучија кон Европската унија и кон НАТО, кои, неофицијално, претставуваат основни индикатори што зборуваат за степенот на промените во општествата. И покрај тоа, овие земји и понатаму од страна на западноевропските институции се третираат и се именуваат со терминот постсоцијалистички. Токму тоа го инспирирало полскиот антрополог Михал Буховски (Buchowsky, 2001: 9; Prica, 2007: 27), да го постави прашањето: колку многу пат постсоцијалистичките земји треба да изминат, за да не бидат нарекувани постсоцијалистички? Кон ова се надоврзува и мислењето на Мајкл Баравој (Michael Burawoy), односно дека теоретизацијата на постсоцијализмот и понатаму се заснива на социјализмот, кој претставува негација или споредба - главно како славење на капиталистичката надмоќ,[3] односно победата на капиталистичкиот Запад врз социјалистичкиот Исток, но и како извор за критика на капитализмот, но тоа се сретнува значително поретко. Исто така, најчесто, постсоцијалистичките земји претставуваат цел на истражувачите од западноевропските земји, што секако е поврзано и со финансиската моќ што ја имаат над Истокот, па трансформацијата на социјалистичките општества се претставува, пред сè, од нивниот аспект на гледање на работите. Меѓутоа, на нивните истражувања и резултати реагираат источноевропските антрополози, а посебно, меѓунив, треба да се истакне унгарскиот антрополог Ласло Курти (Kurti, 2002: 181), кој се сомнева на нивните заклучоци и прашува: зошто западните антрополози постојано ги забележуваат само грешките, деформациите и промашувањата, додека успесите, позитивните резултати и добрите постигнувања им се секогаш надвор од фокусот. Според него, постојаните забележувања само на неуспесите претставува еднострано видување на работите. На тој начин, со повлекувањето на социјализмот во историјата, постои опасност дека луѓето ќе стануваат сè повеќе и повеќе заробеници на единствениот постоечки модел, односно на идеалната проекција за либералниот капитализам, според кој веќе се прават сите споредби (Burawoy, 1999, 310).

Меѓутоа, како што може да се забележи погоре, во теоријата на антропологијата постои движење кое се противи на употребата на термините *постсоцијализам* и *посткомунизам*, пред сè, повеќе застапувано од источноевропските антрополози. Но, најверојатно, од причини кои се софпаѓаат со финансиската надмоќ на Западот врз Истокот, термините и понатаму се во функција. Впрочем, овие термини предизвикуваат мноштво

3 Како пример, кој отсликува дел од ваквата ситуација, во која се нагласува победата и надмоќта на Западот врз Истокот, е приказната за фиктивната земја Република Молванија, создадена од страна на Австралијците Том Глајснер, Санто Силоро и Роб Сич. Имено, тие, Молванија ја лоцираат некаде во Источна Европа и ја претставуваат како синоним за источноевропските земји. Накратко, во Молванија, по падот на социјализмот, на власт доаѓа диктатура со корумпирана Влада, која има мошне блиски врски со мафијата. Во оваа постсоцијалистичка земја, главно, живеат Молванци, кои најчесто се крајно нечисти и несредени. Многу се лоши, а во нивната религија доминираат чудните верувања кои потекло влечат од молванската традиција... И покрај мноштвото критики, книгата за Република Молванија, која, впрочем, е срочена како своевиден туристички водич за земјата, е преведена на повеќе јазици и масовно се продава во светот, а постои и веб-страница за неа. Повеќе информации за Република Молванија на: http://www.molvania.com.au/molvania (Последен пат посетена на 12.12.2008 година).

дискусии кои се однесуваат на одликите и спецификите на новоформираните општества во Источна Европа. Но, дискусиите и трудовите кои произлегуваат од нив, само овозможуваат овие термини и понатаму масовно да се користат во општествените науки, меѓу кои и во антропологијата. Резултат на тоа е постоењето на цела научна антрополошка субдисциплина која е именувана како *антропологија на постсоцијализмот*.

## Користена литература


Buchowsky, Michal (2001): *Rethinking Transformation: An Anthropological Perspective on Postsocialism*, Poznan.

Burawoy, Michael (1999): “Afterword”, во: Burawoy, Michael, and Verdery, Katherine, (eds.), *Uncertain Transition. Ethnographies of change in the postsocialist world*, Rowman & Littlefield Publishers, New York, Oxford.

Gelner, Ernest (1993): “Foreword”, во: Hann, M. Chris, (ed), *Socialism: ideals, ideologies and local practice*, Routledge, London and New York.

Hann, M. Chris (1993): “Introduction: Social anthropology and socialism”, во: Hann, M. Chris, (ed), *Socialism: ideals, ideologies and local practice*, Routledge, London and New York.

Годелие, Морис (1989): „Анализа транзиторних процеса“, во: *Гласник Етнографског института САНУ*, књ. XXXVIII, Београд.

Hann, M. Chris, Humphrey, Caroline, Verdery, Katherine (2002): “Introduction: postsocialism as a topic of anthropological investigation”, во: Hann, M. Chris,, (ed.), *Postsocialism: Ideals, Ideologies and Practices in Eurasia*, Routledge, London - New York.

Kurti, Laszlo (2002): “Toward an Anthropology of the East in the New Millennium”, во: Skalnik, Petr, (ed.), *A Post-communist Millenium: The Struggles for Sociocultural Anthropology in Central and Eastern Europe*, Prague Studies in Sociocultural Anthropology 2, Prague.

Markowitz, Fran (2004): “Talking about culture: globalization, human rights and anthropology”, *Anthropological theory*, London, Thousand Oaks, CA and New Delhi.

Podoba, Juraj, (2007): “Social change and values: adaptive processes in the late socialism Slovak countryside”, во: Pine, Frances and Podoba, Juraj, (eds.), *Changing social practices and strategies*, Institute of Ethnology at Slovak Academy of Sciences, Bratislava.

Prica, Ines (2007): “Problem interpretacije tranzicije iz “nerealnog socijalizma””, во: Ribić, Vladimir (ur.), *Antropologija postsocijalizma*, Zbornik radova, Etnološka biblioteka, knj. 34, Beograd.

Ribić, Vladimir (2007): “O ekonomskoj tranzicii iz makroistorijske perspective”, во: Ribić, Vladimir (ur.) *Antropologija postsocijalizma*, Zbornik radova, Etnološka biblioteka, knj. 34, Beograd.

Rihtman - Auguštin, Dunja (2000): *Ulice moga grada. Antropologija domaćeg terena*, Biblioteka XX vek, Beograd.

Verdery, Katherine (1996): *What was socialism, and what comes next?* Princeton University Press, New Jersey.

Molvania: http://www.molvania.com.au/molvania, Последен пат посетена на 12.12.2008 година.